Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 31/0306
22.02 20 24 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 1 февруари 2024 година, врз основа на примена жалба од Здружението за сексуални и родови малцинства скопски „КВИР ЦЕНТАР“ ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**Текстот со наслов: *„Моето последно искуство беше со момче кое имаше 99 проценти од сѐ што сакам, но го немаше тој 1 процент што е најважен, а тоа е да излезе со мене во јавност“*, објавен на 20.01.2024 на ФБ страната на Интернет порталот Женски Магазин, отстапува од професионалните и етичките стандарди утврдени во членот 20 од Насоките за етичко известување на он-лајн медиумите.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ) на 20 јануари 2024 година, Здружение за сексуални и родови малцинства скопски „КВИР ЦЕНТАР“ подонесе жалба за текстот со наслов: ***„Моето последно искуство беше со момче кое имаше 99 проценти од сè што сакам, но го немаше тој 1 процент што е најважен, а тоа е да излезе со мене во јавност“*****,** објавен на 20.01.2024**,** на ФБ страната на Интернет порталот Женски Магазин.

Жалителот смета дека е прекршен членот 20 од Насоките за етичко известување на он-лајн медиумите, додавајќи дека станува збор за одговорноста на медиумите за коментарите на нивните содржини пласирани на социјалните мрежи, ширење говор на омраза. Во жалбата покрај другото се нагласува дека под објавениот текст на ФБ, во коментарите е забележан текст: „ Benzin,zapalka i da se dovrsi rabotata “,коментар на социјалната мрежа кој, според жалителот, поттикнува омраза и насилство кон група – врз основа на маргинализирана група – ЛГБТИ+ заедница. „Апропо на горенаведеново, наоѓаме дека не се работи за изнесен став и мислење, а се работи за умислено промовирање или поттикнување на говор на омраза и насилство“, смета жалителот. Се нагласува дека коментарот може да се третира и според член 394-г од Кривичниот законик, за „Ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем“. Од КВИР повикуваат и на медијација, нагласувајќи дека: „Медиумите не можеме да ги оквалификуваме како креатори на говорот на омраза, затоа го повикуваме медиумот на медијација, со тоа што ќе го острани коментарот со говор на омраза, а како алатка медијацијата е за мирно решавање на споровите“.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет – порталот Женски магазин и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата и спремноста на жалителот за медијација.

Од страна на интернет порталот не беше доставен одговор.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и со мнозинство гласови одлучи дека во текстот е прекршен членот 20 од Насоките за етичко известување на он-лајн медиумите.

> ***Член 20*** *„Онлајн медиумот е одговорен и за содржината на објавените коментари од своите читатели, објавени на веб-страницата на онлајн медиумот во просторот за коментари, под новинарските содржини.*
>
> *20.2. Онлајн медиумот ќе ги отстрани сите коментари кои содржат: повикување на насилство или други кривични дела, говор на омраза, дискриминација, закани и други облици на загрозување на 2 правата и безбедноста на поединци, групи, институции, без оглед дали се директно или индиректно поврзани со текстот или темата што се обработува во него.*
>
> *20.3 Онлајн медиумот ќе дефинира правила за уредување на коментарите на читателите во просторот за слободно коментирање под објавените текстови и содржини. Тие правила ќе бидат објавени на платформите на кои содржината се објавува и ќе содржат: информации за регистрирањето на коментарите, почитувањето на правилата на коментирање, недозволени содржини во коментарите, причина за отстранување на коментарите и др. Онлајн медиумот е одговорен и за содржините на коментарите поставени кон новинарските содржини на медиумот објавени на неговиот профил на социјалните мрежи.*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

На седницата одржана на 1 февруари 2024 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.

Комисијата со мнозинство одлучи дека е прекршен Член 20 од Насоките за етичко известување на он-лајн медиумите, поради следните причини:

Споменатата содржина очигледно е дека е преземена од друг медиум. Меѓу десетината коментари на ФБ страницата има и со говор на омраза. Па така ќе сретнеме: „Benzin,zapalka i da se dovrsi rabotata“. Па фотографија со Хитлер со напис во позадината„ Тебе, како сум те пропуштил?“ Не се води сметка дека и со преземени текстови и ставени на ФБ може да се наруши етиката, исто како да се од твој медиум.

Комисијата ја имаше предвид и Одлуката на Европскиот совет за човекови права во случајот Беизирас и Левицкас против Литванија, која е особено значајна, бидејќи се работи за хомофобични коментари на објава на социјалната мрежа Фејсбук, за кои државата одбила да пружи соодветна заштита. Коментарите биле пријавени до обвинителството кое одбило да постапи, а потоа и судовите ја потврдувале одлуката на обвинителството. ЕСЧП смета дека дури и еден коментар кој содржи омраза, особено коментар во кој се повикува дека некој треба да биде убиен, е доволно за да се пристапи сериозно. Судот одлучи дека е сторена дискриминација во врска со правото на приватен и семеен живот, како и повреда на правото на реална жалба.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата со мнозинство гласови одлучи како што е погоре образложено. Еден член на Комисијата се иззема од расправата и гласањето за оваа жалба.

Во работата на седницата учествуваа следните членови на Комисијата: Мирче Адамчевски, Мери Јордановска, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Димитар Мицев, Снежана Трпевска и Ердем Ахмет.

Во согласност со член 18 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби бара од „Фокус“ да ја објави оваа Одлука во рок од три дена од добивањето.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595